Согласно чл. 20 од Статутот на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија, Претседателот на Извршниот одбор на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија го поднесува следниот,

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

За реализирани активности на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија во 2015 година.

## I. ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ И КОНФЕРЕНЦИИ

1. Здружението за кривично право и криминологија на Македонија во соработка и финансиска поддршка од Амбасадата на САД во Република Македонија, продолжи со реализација на проектните активности од проектот ***„Зајакнување на улогата на одбраната во кривичната постапка во Република Македонија“ од 2014 година.*** Здружението одржа вкупно 4(четири) работилници за правни практичари во Скопје и Битола на кои вкупно учествуваа 136 правни експерти практичари. На 9-10 мај 2015 година во Охрид, Здружението одржа завршна конференција од проектот на тема ***„Нов ЗКП-правичен баланс меѓу ефективноста на кривичниот прогон и ефективната одбрана“***. На конференцијата беа донесени препораки и заклучоци за понатамошно зајакнување на законските одредби за одбраната на обвинетите во кривичната постапка. Заклучоците и препораките беа поддржани од сите 42 правни експерти и практичари, што учествуваа на конференцијата и подоцна беа испратени до сите институции, предвидени во проектот, како и наведени во истражувањето што беше објавено во тематскиот број на Македонската ревија за казнено право и криминологија-2015. Предвидените активности од проектот

беа во целост реализирани и завршниот извештај беше испратен до Амбасадата на САД во Република Македонија на 25.09.2015 година.

2. На 14-ти јануари 2015 година, Здружението за кривично право и криминологија на Македонија, во соработка со Здружението на јавни обвинители на Македонија и Македонската академија на науките и уметностите, поднесе предлог проект на тема „**Continuous Reform of the Judicial System of Republic of Macedonia through Strengthening of the Instruments of Independence and Efficiency“.** Проектната документација беше поднесена во согласност со правилата за аплицирање на EIDHR инструментот за човекови права при Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија. Проектот не беше прифатен за понатамошно разгледување, по што Здружението вложи жалба по која не беше даден одговор.

3. Извршниот одбор на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија, во проширен состав, на состанокот одржан на 12.11.2015 година, како тема за годишно советување ја избра „Македонско прекршочно право – проблеми“. Во прилог на тоа, Здружението во соработка со ИРЗ – Германската фондација за меѓународна правна соработка, на 16.12.2015 година во Скопје, организираа заедничка научна и стручна расправа на тема ***„Македонско прекршочно право – проблеми“.*** Научното советување го отвори претседателот на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија, проф. д-р Трпе Стојановски. Советувањето беше поделено на две панел дискусии на тема „Предностите на ресоцијализацијата наспроти казнувањето кај малолетничката деликвенција“ во која учество зедоа: г-дин Мариус Фидлер, постојан твининг советник на ИРЗ во Косово; проф. д-р Гордана Бужаровска на тема „Диверзионите облици на постапување според Законот за правда на децата“іи проф. д-р Татјана Велкова на тема „Правдата за децата (малолетничка правда) – терминолошко усогласување или чекор кон практична имплементација“. Во вториот панел на тема „Македонско прекршочно право – проблеми“ учество зедоа: проф. д-р Никола Тупанчески на тема „Прекршочната vis a vis казнената

одговорност на правните лица во Република Македонија“; проф. д-р Љупчо Арнаудовски на тема „Прекршочниот систем на Република Македонија и државата „; доц. д-р Џемали Саити, судија, на тема „Некои практични согледувања на прекршочното право на Република Македонија“; проф. д-р Ана Павловска Данева на тема „Прекршочната постапка пред органите на управата – зголемена ефикасност или намалена правна сигурност?“; проф. д-р Искра Малетиќ Акимовска на тема „Уредување на административните прекршоци согласно новиот Закон за прекршоци“; проф. д-р Александра Груевска Дракулевски на тема „Прекршоците против јавниот ред и мир во Република Македонија“; проф. д-р Стојанка Мирчева на тема „Предизвици и дилеми за полициското работење при примената на Законот за прекршоците“; доц. д-р Ивана Шумановска на тема „Новините во правната заштита во прекршочната постапка пред прекршочниот орган – очекувања и дилеми“ и доц. д-р Беса Арифи на тема „Помеѓу законот за прекршоците и ресторативната правда“. На советувањето присуствуваа вкупно 30 правни експерти и практичари. Модератори на советувањето беа проф. д-р Трпе Стојановски и проф. д-р Никола Тупанчески. По завршувањето на научната дискусија, претседателот на Здружението, проф. д-р Трпе Стојановски  истакна дека поради плодната дискусија меѓу правните експерти и практичари, Здружението за кривично право и криминологија на Македонија во 2016 година ќе реализира последователни активности на оваа тема. Професорот исто така ги повика присутните да поднесат свои заклучоци и препораки за со цел се формулираат завршни заклучоци за прекршочното законодавство во Република Македонија, како и да го изразат своите ставови и мислења преку поднесување на труд за објава во Македонската ревија за казнено право и криминологија. Како краен рок за поднесување на трудови, претседателот на Здружението проф. д-р Трпе Стојановски го предвиде 15 декември со можност за продолжување. Заклучно со овој извештај, Здружението доби заклучоци и согледувања за прекршочната материја само од Проф. д-р Ана Павловска Данева.

4. Здружението за кривично право и криминологија на Македонија во соработка со ОБСЕ –Набљудувачката Мисија во Република Македонија на 11-ти септември во Скопје организираа тркалезна маса на тема ***„Примена на мерката притвор според законот за кривична постапка од 2010 година„.*** Научното советување беше завршна активност и промоција на публикацијата од истоименото истражување, што беше извршено од страна на проф. д-р Гордана Бужаровска, судија Славица Андреева и адвокат Александар Тумановски. На научната конференција воведни обраќања за проектот имаа претседателот на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија – проф. д-р Трпе Стојановски и г-ѓа Јоана Космa – Шеф на Одделот човекова димензија при мисијата на ОБСЕ во Република Македонија. По завршувањето на конференцијата, публикацијата беше дистрибуирана до сите предвидени институции заедно и со заедничко писмо од проф. д-р Трпе Стојановски – Претседател на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија и г-ѓа Јоана Космa – Шеф на Отсекот за владеење на правото при мисијата на ОБСЕ во Македонија.

5. Здружението за кривично право и криминологија на Македонија и оваа година поднесе предлог проект на тема ***„Open Justice Project: Access to a Lawyer and Free Legal Aid in the Macedonian Police and Criminal Procedure"*** до Амбасадата на САД во Република Македонија за програмата на Democracy Commission, Small Grants Program. Завршни резултати од конкурсот се очекуваат кон крајот на јануари 2016 година.

## II. СОРАБОТКА

1. Здружението за кривично право и криминологија на Македонија ја продолжи соработката со Народен правобранител - Националниот превентивен механизам, при што членови од Здружението беа избрани во тимот на НПМ за 2015 година.

2. Здружението за кривично право и криминологија на Македонија ја продолжи и оваа година соработката со Адвокатската комора на Република Македонија со делегирање на адвокати за обуките, научните и стручни расправи на Здружението што се одржаа во 2014 и 2015 година.

3. Здружението за кривично право и криминологија на Македонија во соработка со ОБСЕ Набљудувачката Мисија во Македонија, ја заврши дистрибуцијата на научното истражување „Кодификација на кривичното законодавство“ од истоимениот проект, во авторство на Акад. проф. д-р Владо Камбовски и проф. д-р Никола Тупанчески. Заедно со примероците од публикацијата до предвидените институции беше испратено и заедничко писмо од проф. д-р Трпе Стојановски – Претседател на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија и г-ѓа РезартаШуц – Шеф на Отсекот за владеење на правото при мисијата на ОБСЕ во Македонија.

4. Соработката помеѓу Здружението за кривично право и криминологија на Македонија и Македонската академија на науките и уметностите успешно продолжи и во 2015 година. Во организација на МАНУ, на 03.11.2015 година се одржа научна и стручна расправа на тема „Независност на судството“. Од страна на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија, свое учество имаа: проф. д-р Љупчо Арнаудовски на тема „Уште еднаш: Независно судство – независни судии“, проф. д-р Гордана Бужаровска на тема „Легислативни и институционални пречки за независно судство во Република Македонија“, проф. д-р Никола Тупанчески на тема „Добрите практики усогласени со европските стандарди за независно судство и за правото на граѓанинот да му суди независен и непристрасен суд“, проф. д-р Гордан Калајџиев на тема „Улогата на Јавното обвинителство во јакнењето и гаранцијата на независноста на судството“ и доц. д-р Беса Арифи на тема „Независноста на судството како основно начело на правната држава“.

5. Соработката помеѓу Здружението за кривично право и криминологија на Македонија и новинарската агенција за следење на популарно право и судски постапка – „Академик“ успешно продолжи и во 2015 година. Агенцијата успешно известуваше за сите настани и конференции на Здружението, особено по објавувањето на Македонската ревија за казнено право и криминологија, преку објавување на трудот во авторство на проф. д-р Никола Тупанчески и м-р Драгана Кипријановска со наслов „Употребната вредност “ на незконски прибавените докази - осврт врз стандардите и решенијата инкорпорирани во стразбуршкото и во компаративното право“, како и преку објавување на две статии во врска со Годишното научно советување на „Македонско прекршочно право – проблеми“ и статија со наслов „Здружение за кривично право и криминологија на Македонија: Учеството на адвокатите со нивните истражувања овозможува реализација на значајни проекти“.

## III. ПУБЛИКАЦИИ

1. Здружението за кривично право и криминологија на Македонија и во 2015 година ја продолжи соработката со EBSCO Publishing и EBSCO Host, со објавување на тематскиот број од Македонската ревија за казнено право и криминологија со наслов „Нов ЗКП – правичен баланс меѓу ефикасноста на кривичниот прогон и ефективната одбрана“. Тематскиот број од Ревијата беше предвиден како завршна активност од проектот „Зајакнување на улогата на одбраната во кривичната постапка“. Тематското издание од МРКК броеше вкупно 19 научни трудови, статии и прикази. Ревијата беше отпечатена во вкупно 300 примероци, кои беа дистрибуирани до сите институции, партнерски организации и судови, предвидени со проектот. Вкупно 25 броја од Ревијата беа распродадени. По направената дистрибуција, Ревијата се објави на интернет платформата на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија (www.maclc.mk).

2. Здружението за кривично право и криминологија на Македонија на 15-ти февруари предаде вкупно 3 последни изданија од Македонската ревија за кривично право и криминологија за со цел индексирање во ***Thomson Reuters Web of Science***. Ревијата беше пријавена како Regional Journal, поради тоа што не содржи текстови на англиски јазик. Завршна одлука од процесот за индексирање на Ревијата беше најавена на 28 декември, меѓутоа сеуште не е добиена.

3. Македонската ревија за казнено право и криминологија, успешно ги помина двете фази од процесот на регистрација и индексирање во агрегатите **Elsevier Scopus** и **Directory of Open Access journal (DOAJ)**.Завршна одлука од процесот се очекува во септември 2016 година. Процесот за регистрација на Ревијата во Google Scholar беше успешен.

## IV. ДРУГИ АКТИВНОСТИ

1. Согласно Одлуката на Извршниот одбор на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија донесена на 12.11.2015 година, на годишното советување, проф. д-р Трпе Стојановски додели плакета за благодарност на адвокат Јован Трпеновски, за неговиот сестран придонес како прв претседател на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија. Здружението ќе додели и уште две плакети за благодарност за соработка и придонес за Здружението на поранешните претседатели: Акад. проф. д-р Владо Камбовски и судија Павел Манев.

2. Согласно чл.27 од Статутот на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија, направена е годишна евиденција на

членството на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија. Здружението за кривично право и криминологија на Македонија вкупно брои 190 членови.

**Скопје** **Претседател на ЗКПКМ**

**26.01.2016 година** Проф. д-р Трпе Стојановски